Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО
– ОХРИД

University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
FACULTY OF TOURISM AND HOSPITALITY
OHRID

Врз основа на член 99, став 15 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. Македонија бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 127/16) Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студентите (Службен весник на Р. Македонија бр. 120/10), Факултетот за туризам и угостителство од Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола го донесе следното:

# УПАТСТВО ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА

1. Студентите од прв циклус на студии на сите студиски програми на Факултетот за туризам и угостителство задолжително треба да реализираат практична настава во секоја студиска година.
2. Реализираната практична настава е еден од условите за запишување на студентите на наредна студиска година.
3. Практичната настава може да се оствари само во организации – установи со кои Факултетот за туризам и угостителство Охрид или Универзитетот Св. Климент Охридски Битола има склучено Договор за изведување на практична настава за студенти.
4. Практичната настава не може да биде пократка од 30 дена и не може да трае помалку од еден ниту повеќе од осум часа во денот.
5. Пред почетокот на практичната настава, Факултетот за туризам и угостителство издава документ – Потврда (упатница) за негово упатување до организацијата – установата каде ќе се реализира наставата, потпишана од Деканот или Продеканот за настава по овластување на Деканот.
6. Во текот на реализацијата на практичната настава, студентот е под надзор на ментор од Факултетот за туризам и угостителство кој е одговорен за успешно реализирање на практичната настава. Менторите за практична настава ги определува Деканот на Факултетот.
7. Студентот за време на реализацијата на практичната настава води Дневник за секојдневните активности. Дневникот за работа се доставува до Менторот кој треба да ја потпише Потврдата за реализирана практична настава.
8. По завршување на практичната настава, студентот е должен да достави до Службата за студентски прашања при Факултетот за туризам и угостителство Охрид - Потврда за реализирана практична настава, заверена од организацијата каде ја реализирал практичната работа, како и потпишана од Менторот од Факултетот за туризам и угостителство Охрид задолжен за практична настава.

Доколку студентот сака да оствари практична настава во организација со која што Факултетот за туризам и угостителство Охрид или Универзитетот Св. Климент Охридски Битола нема склучено Договор за изведување практична настава, потребно е да ги информира службите на Факултетот со цел склучување на таков договор.